УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
INSTITUTE OF NATIONAL HISTORY - SKOPJE

# БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум одржан по повод 70 години од основањето на Институтот за национална историја – Скопје
(Скопје, 9 – 10 ноември 2018 година)

# THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES

Proceedings of the International Scholarly Symposium Held on the 70th Anniversary of the Institute of National History – Skopje
(Skopje, 9 – 10 November 2018)

СКОПЈЕ/SKOPJE
2021

# БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ
# THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES

*Издавач*
Институт за национална историја – Скопје
ул. „Григор Прличев“ бр. 3
1000 Скопје, Република Северна Македонија, п. ф. 591

*За издавачот*
проф. д-р Драги Ѓоргиев, директор на ИНИ

*РЕДАКЦИЈА/EDITORIAL BOARD*
проф. д-р Драги Ѓоргиев (редактор) (С. Македонија)/Prof. Dr. Dragi Ǵorgiev (editor-in-chef) (N. Macedonia)
проф. д-р Марија Пандевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Maria Pandevska (N. Macedonia)
проф. д-р Ирена Ставови-Кавка (Полска)/Prof. Dr. Irena Stawowy-Kawka (Poland)
проф. д-р Вера Гошева (С. Македонија)/Prof. Dr. Vera Goševa (N. Macedonia)
проф. д-р Митко Панов (С. Македонија)/Prof. Dr. Mitko Panov (N. Macedonia)
проф. д-р Љубица Јанчева (С. Македонија)/Prof. Dr. Ljubica Jančeva (N. Macedonia)
проф. д-р Катерина Мирчевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Katerina Mirčevska (N. Macedonia)
проф. д-р Габор Деметар (Унгарија)/Prof. Dr. Gábor Demetar (Hungary)
проф. д-р Лилјана Гушевска (С. Македонија)/Prof. Dr. Liljana Guševska (N. Macedonia)
проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска (С. Македонија)/Prof. Dr. Katerina Mladenovska-Ristovska (N. Macedonia)
проф. д-р Росвита Керстен-Пејаниќ (Германија)/Prof. Dr. Roswitha Kersten-Pejanić (Germany)
проф. д-р Исамедин Азизи (С. Македонија)/Prof. Dr. Isamedin Azizi (N. Macedonia)
проф. д-р Габриела Топузовска (секретар) (С. Македонија)/Prof. Dr. Gabriela Topuzovska (secretary) (N. Macedonia)
проф. д-р Ирена Љубомировиќ (Србија)/Prof. Dr. Irena Ljubomirović (Serbia)
доц. д-р Александар Манојловски (С. Македонија)/Doc. Dr. Aleksandar Manojlovski (N. Macedonia)

# СОДРЖИНА/CONTENT


КОН БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ 11

TOWARDS THE BALKAN HISTORIOGRAPHY AND CONTEMPORARY CHALLENGES 13

**Анета ШУКАРОВА**
БАЛКАНОТ – ИЗВОРИШТЕ НА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ИДЕИ ВО ЕВРОПА И ВО СВЕТОТ 17

Aneta ŠUKAROVA
THE BALKANS – THE SOURCE OF FUNDAMENTAL SOCIO-POLITICAL IDEAS IN EUROPE AND THE WORLD 17

**Јасминка КУЗМАНОВСКА**
ТОПОНИМИСКИОТ СУПСТРАТ НА ДОЦНОАНТИЧКАТА ΕΠΙ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП, ПРЕДИЗВИЦИ И КОНЦЕПТИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО 27

Jasminka KUZMANOVSKA
THE TOPONYMIC SUBSTRATUM OF ΕΠΙ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ IN LATE ANTIQUITY – METHODOLOGICAL APPROACH, CHALLENGES AND RESEARCH CONCEPTS 27

**Драган ЗАЈКОВСКИ**
КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПОГЛАВАРИТЕ НА ЦРКВАТА ВО САМОИЛОВАТА ДРЖАВА: ПОМЕЃУ МИТОТ И ИСТОРИЧНОСТА 41

Dragan ZAJKOVSKI
ON THE ISSUE OF THE FIRST HEADS OF CHURCH IN SAMUEL'S STATE: BETWEEN MYTH AND HISTORICITY 41

**Драги ЃОРГИЕВ**
ПОЈАВАТА НА ЧИФЛИЗИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА БАЛКАНОТ: НЕКОИ СПЕЦИФИКИ ЗА МАКЕДОНИЈА (XIX ВЕК) 49

Dragi ǴORGIEV
APPEARANCE OF ČIFLIGS ON THE THERITORY OF THE BALKANS: SPECIFIC CHARACTERISTICS FOR MACEDONIA (19TH CENTURY) 49

**Катерина ВЕНЕДИКОВА**
ЗА НЕКОИ СТУДИИ НА ОСМАНЛИСКО-ТУРСКАТА ЕПИГРАФИЈА ПОВРЗАНИ СО ИСТОРИЈАТА И СО КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНИЈА 61
Katerina VENEDIKOVA
ABOUT SOME STUDIES ON OTTOMAN-TURKISH EPIGRAPHY, RELATED TO THE HISTORY AND CULTURE OF MACEDONIA 61

**Александар ТРАЈАНОВСКИ**
ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 1000-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА СЕСЛОВЕНСКИОТ ПРОСВЕТИТЕЛ СВЕТИ МЕТОДИЈ СОЛУНСКИ (+885 – 1885) 71
Aleksandar TRAJANOVSKI
MARKING THE 1000TH ANNIVERSARY OF THE DEATH OF THE SLAVONIC EDUCATOR ST. METHODIUS OF THESSALONIKI (+885 – 1885) 71

**Митко Б. ПАНОВ**
РУСКИТЕ ИСТОРИОГРАФИ И РЕОТКРИВАЊЕТО НА САМУИЛ ВО XIX ВЕК: ПРОЕКТИРАЊЕ НА СРЕДНОВЕКОВНОТО МИНАТО ВО СОВРЕМЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПРОЕКТИ НА БАЛКАНОТ 91
Mitko B. PANOV
RUSSIAN HISTORIOGRAPHERS AND THE REDISCOVERY OF SAMUEL IN THE 19TH CENTURY: PROJECTING THE MEDIEVAL PAST ONTO THE CONTEMPORARY POLITICAL PROJECTS ON THE BALKANS 91

**Македонка МИТРОВА**
КОН СОЗДАВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА СРПСКАТА ДРЖАВА 103
Makedonka MITROVA
TOWARDS THE CREATION AND DEVELOPMENT OF THE SERBIAN STATE 103

**Лилјана ГУШЕВСКА, Веселинка ЛАБРОСКА**
ЈАЗИКОТ КАКО СРЕДСТВО ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗА КУЛТУРНА АФИРМАЦИЈА (МАКЕДОНСКИОТ И ХРВАТСКИОТ СЛУЧАЈ ВО XIX ВЕК И ВО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК) 117
Liljana GUŠEVSKA, Veselinka LABROSKA
LANGUAGE AS A MEANS FOR IDENTIFICATION AND CULTURAL AFFIRMATION (MACEDONIAN AND CROATIAN CASE IN THE 19TH AND BEGINNING OF THE 20TH CENTURY) 117

**Димитар ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ**
ИСТОРИЈАТА И НАЦИОНАЛНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА: ГЕРМАНОС КАРАВАНГЕЛИС (1866 – 1935) И ПАВЛОС МЕЛАС (1870 – 1904) 133
Dimitar LJOROVSKI VAMVAKOVSKI
HISTORY AND NATIONAL MOBILIZATION: GERMANOS KARAVANGELIS (1866 – 1935) AND PAVLOS MELAS (1870 – 1904) 133



**Марија ПАНДЕВСКА**
ЕДНА БУГАРСКА БРОШУРА (1905) И МНОГУ ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА: СПОДЕЛЕНА, ЗАЕДНИЧКА ИЛИ ОДРАЗЕНА ИСТОРИЈА? 147
Maria PANDEVSKA
A BULGARIAN BROCHURE (FROM 1905) AND MANY OPEN DILEMMAS: SHARED, COMMON OR REFLECTIVE HISTORY? 147

**Ардиан ЛИМАНИ**
ПРЕТСТАВАТА ЗА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ ВО ВЕСНИКОТ *SHKUPI* (1911 – 1912) 163
Ardian LIMANI
PRESENTATION OF THE BALKAN PEOPLES IN *SHKUPI* NEWSPAPER (1911 – 1912) 163

**Ирена ЉУБОМИРОВИЌ**
АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА НА НИКОЛА ВУЛИЌ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД ДВАЕСЕТТИОТ ВЕК 171
Irena LJUBOMIROVIĆ
NIKOLA VULIĆ'S ARCHAEOLOGICAL EXCAVATIONS ON THE TERRITORY OF MACEDONIA IN THE FIRST HALF OF THE TWENTIETH CENTURY 171

**Ирена СТАВОВИ-КАВКА**
ТАЈНИОТ БУГАРСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИ ДОГОВОР: БЛЕД 1947 179
Irena STAWOWY-KAWKA
THE SECRET BULGARIAN-YUGOSLAV AGREEMENT: BLED 1947 179

**Катерина МИРЧЕВСКА**
ОРАЛНА ИСТОРИЈА ПРЕТОЧЕНА ВО ЗАПИС: ХРОНИКИ НА КОСТУРСКИТЕ СЕЛА 193
Katerina MIRČEVSKA
ORAL HISTORY TRANSFORMED INTO WRITING: CHRONICLES OF KASTORIA VILLAGES 193

**Стојко СТОЈКОВ**
ИСТОРИЈАТА КАКО ОРУЖЈЕ: МИТОТ ЗА „НАСИЛНАТА МАКЕДОНИЗАЦИЈА“ ВО БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА И НАУКА 205
Stojko STOJKOV
HISTORY AS A WEAPON: THE MYTH OF "FORCED MACEDONIZATION" IN BULGARIAN POLITIC AND SCIENCE 205

**Маја АНГЕЛОВСКА-ПАНОВА**
БОГОМИЛСТВОТО ВО ОПУСОТ НА ДИМИТАР АНГЕЛОВ: МАРКСИСТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА НАСПРОТИ ПОСТКОМУНИСТИЧКАТА АКСИОЛОГИЈА 233
Maja ANGELOVSKA-PANOVA
THE BOGOMIL MOVEMENT IN THE WORK OF DIMITAR ANGELOV: MARXIST IDEOLOGY VS. POST-COMMUNIST AXIOLOGY 233
**Драгица ПОПОВСКА**
ИСТОРИЈАТА, СЛИКИТЕ НА ИСТОРИЈАТА И ИСТОРИЧАРИТЕ: СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ 243
Dragica POPOVSKA
THE HISTORY, IMAGES OF HISTORY AND HISTORIANS: CONTEMPORARY CHALLENGES AND PERSPECTIVES 243
**Маќеј КАВКА**
КАКО СЕ ГРАДИ ИСТОРИЈА ВО ЛИТЕРАТУРАТА – *ПАСКВЕЛИЈА* ОД ЖИВКО ЧИНГО 251
Maciej KAWKA
HOW HISTORY IS BUILT IN LITERATURE – *PASKVELIJA* BY ŽIVKO ČINGO 251
**Кристина ДИМОВСКА**
МАРКО КРАЛЕ НИЗ ВИЗУРАТА НА НЕКОИ ПАРЕМИОЛОШКИ ИСКАЗИ (СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПЕСНАТА *МАРКО И ШАИНА РОБИНА*) 259
Kristina DIMOVSKA
MARKO KRALE SEEN THROUGH PAREMIOLOGIC UTTERANCES (WITH A SPECIAL REVIEW OF THE POEM *MARKO AND SHAINA THE SLAVE*) 259
**Ивана ХАЏИЕВСКА**
ВИРЏИНА/ТОБЕЛИЈА: ТЕОРЕТИЗИРАЊЕ ЗА ФЕНОМЕНОТ НА РОДОВА ТРАНСФОРМАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА БАЛКАНСКА ИСТОРИОГРАФИЈА И ЕТНОГРАФИЈА 271
Ivana HADŽIEVSKA
VIRDŽINA/TOBELIJA: THEORIZING ON THE PHENOMENON OF GENDER TRANSFORMATION IN CONTEMPORARY BALKAN HISTORIOGRAPHY AND ETHNOGRAPHY 271
**Исамедин АЗИЗИ, Хидајете АЗИЗИ**
ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОКОЛНОСТИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИЗБОРОТ НА ЛИЧНОТО ИМЕ КАЈ АЛБАНЦИТЕ 285
Isamedin AZIZI, Hidajete AZIZI
THE SOCIAL AND POLITICAL CIRCUMSTANCES IN THE SOCIALIST REPUBLIC OF MACEDONIA AND SELECTION OF PERSONAL NAMES WITH THE ALBANIANS 285





**Јасмина ШАРАНАЦ-СТАМЕНКОВИЌ**
ИВАН ЃУРИЌ ЗА РАЗБИРАЊЕТО И ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПРОСТОР 297
Jasmina ŠARANAC-STAMENKOVIĆ
IVAN ĐURIĆ ON THE UNDERSTANDING AND MEANING OF YUGOSLAV SPACE 297
**Ратомир МИЛИКИЌ**
РАСПАДОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА 303
Ratomir MILIKIĆ
THE BREAK-UP OF SOCIALIST FEDERAL REPUBLIC OF YUGOSLAVIA AND EUROPEAN INTEGRATIONS, WITH SPECIAL REFERENCE TO THE COUNCIL OF EUROPE 303
**Борче МИЛОШЕСКИ**
РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА ВО ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 319
Borče MILOŠESKI
THE BREAKDOWN OF YUGOSLAVIA IN THE CONTEMPORARY HISTORY TEACHING IN HIGH SCHOOL EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA 319
**Росвита КЕРСТЕН-ПЕЈАНИЌ**
ДИСКУРСИ НА НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ТЕНЗИИ ВО ПОСТКОНФЛИКТНИТЕ ГРАНИЧНИ РЕГИОНИ НА ХРВАТСКА: ЛИНГВИСТИЧКА ПЕЈСАЖНА СТУДИЈА НА ЕТНИЧКАТА ПРИПАДНОСТ 327
Roswitha KERSTEN-PEJANIĆ
PREVAILING DISCOURSES OF NATIONALIST TENSIONS IN POST-CONFLICT BORDER REGIONS IN CROATIA: A LINGUISTIC LANDSCAPE STUDY OF ETHNIC BELONGING 327
**Вемунд АРБАКЕ**
ГРЧКИТЕ ЈАВНИ И АКАДЕМСКИ ДИСКУРСИ ЗА МАКЕДОНИЈА И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ЗА ПОЛИТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ТАКАНАРЕЧЕНИОТ „ПРОБЛЕМ СО ИМЕТО“ 343
Vemund AARBAKKE
THE GREEK PUBLIC AND ACADEMIC DISCOURSES ON MACEDONIA AND THEIR IMPLICATIONS FOR THE POLITICAL SOLUTION OF THE SO-CALLED 'NAME ISSUE' 343

**Ѓон БОРИЧИ**
БАЛКАНСКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО КОНТЕКСТ НА ГЛОБАЛНИТЕ СОЈУЗНИШТВА НА СВЕТСКИТЕ СИЛИ: ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД 351
Gjon BORIÇI
THE BALKAN CHALLENGES IN THE CONTEXT OF THE GLOBAL ALLIANCES OF WORLD POWERS: A HISTORIC VIEW 351
**Пшемислав КАНТОРСКИ**
МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КАТАСТРОФИЧКИТЕ НИШКИ ВО МЕДИУМИСКИОТ ДИСКУРС ЗА БЕГАЛЦИТЕ 365
Przemysław KANTORSKI
THE MECHANISMS OF IDENTIFYING CATASTROPHIC THREADS IN MEDIA DISCOURSE ON REFUGEES 365
**Наташа ДИДЕНКО**
КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И МАНИФЕСТАЦИИ ВО НР/СР МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ И ПРЕДИЗВИЦИ 371
Nataša DIDENKO
CULTURAL-ARTISTIC ASSOCIATIONS AND MANIFESTATIONS IN THE PR/SR MACEDONIA: THE HISTORICAL DEVELOPMENT AND CHALLENGES 371
**Габриела ТОПУЗОВСКА**
РАЗВОЈОТ НА ИСТОРИЈАТА НА МЕДИЦИНАТА ВО МАКЕДОНИЈА: МЕЃУ ИЗУЧУВАЊЕТО И ЗАБОРАВОТ 383
Gabriela TOPUZOVSKA
THE DEVELOPMENT OF THE HISTORY OF MEDICINE IN MACEDONIA: BETWEEN RESEARCH AND OBLIVION 383
**Ирена РАЈЧИНОВСКА-ПАНДЕВА**
ТРАНЗИЦИЈАТА НА БАЛКАНОТ – ПРЕМИН КОН НОВОТО „НЕСИГУРНО“ ИЛИ ПОТРАГА ПО НОВОТО „НОРМАЛНО“ 395
Irena RAJČINOVSKA-PANDEVA
THE TRANSITION OF THE BALKANS - TOWARDS THE NEW "UNCERTAIN" OR THE SEARCH OF THE NEW "NORMAL" 395
**Рубин ЗЕМОН**
БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА ВО КОНТЕКСТ НА „СВЕТОТ ШТО НИ БЕГА“ И НА „ТЕЧНАТА МОДЕРНОСТ“ 411
Rubin ZEMON
BALKAN HISTORIOGRAPHY IN THE CONTEXT OF "RUNAWAY WORLD" AND "LIQUID MODERNITY" 411



# КОН БАЛКАНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

Меѓународниот научен симпозиум *Балканската историографија и современите предизвици* (International scholarly symposium *The Balkans Historiography and Contemporary Challenges*), кој се одржа во Скопје на 9 и на 10 ноември 2018 година, претставуваше централна манифестација во одбележувањето на 70-годишнината од формирањето на Институтот за национална историја. Зборникот на трудови од симпозиумот, кој сега станува достапен како за научната така и за поширока читателска публика, е заокружување на сите напори и заложби на вработените во Институтот за национална историја вложени во реализацијата на предвидената свечена програма за достојно одбележување на јубилејот на оваа исклучително значајна македонска научна институција. Имено, ако се направи пресек на сите овие 70 години на опстојување и развивање, на сите предизвици и општествени структурни промени низ кои поминуваа и Институтот за национална историја и македонската држава во тој период, слободно може да се констатира дека ИНИ го оправда своето постоење, кое официјално започна на 20 јули 1948 г. врз основа на одлука донесена на Првото заседание на АСНОМ во 1944 г., прераснувајќи во една од водечките македонски научни институции.

Со тенденција погоре напишаното да не се доживува само како флоскула, би сакале да упатиме на следниве факти. Во рамките на издавачката дејност на Институтот бележиме повеќе од 400 монографски научни труда, чии автори во најголем дел биле и се вработените од Институтот (бројот на историографски трудови на научните работници е многу поголем ако се земат предвид и оние објавени од други издавачки куќи). На овие се надоврзуваат и многубројните историографски трудови во вид на зборници на статии, архивски документи и преводи на изворен материјал. Од перото на научниот кадар на Институтот произлегуваат редица фундаментални монографски дела кои ја претставуваат базата врз која се надградува и се афирмира македонската национална посебност и македонската државност. Како капитални дела произлезени од институтските макропроекти треба да се издвојат: тритомната историја на македонскиот народ објавена во 1969 г. (во скратена верзија на македонски, српски, англиски и на руски јазик); петтомната историја на македонскиот народ, која излегува во периодот од 1998 до 2003 г., и *Македонскиот историски речник* од 2000 г. Меѓу изданијата на Институтот значајно место има и научното списание *Гласник*, кое во континуитет излегува од 1957 г. и кое претставува водечко списание во областа на историската наука во државата. На страниците на оваа списание, кое е присутно во сите значајни светски библиотеки, се објавени повеќе од 2000 научни статии на научници и на професори речиси од целиот свет.

Ирена РАЈЧИНОВСКА-ПАНДЕВА*

UDK 341.232(4-672EU:497)"19/20"
UDK 911.3:338.246(497)"19/20"
UDK 327(497)"19/20"

# ТРАНЗИЦИЈАТА НА БАЛКАНОТ – ПРЕМИН КОН НОВОТО „НЕСИГУРНО" ИЛИ ПОТРАГА ПО НОВОТО „НОРМАЛНО"

*Between the end of the war and beginning of peace there must be a transition period, a bastard or twilight interval, half war and half peace.*

Leonard S. Woolf
(*How to Make the Next Peace*)

**Abstract:** Political history of the Balkan region illustrates that its 20th century transition has not been original or new but a subtext of the region's development for a long period of time. In fact, a closer view pinpoints that transformations (in political, economic and social terms) in the region have occurred in a repetitive and rapid manner. The article aims to contribute to the ongoing debate on transition of political systems in the Balkan area by elaborating on viable theoretical and empirical framework and competing processes and challenges, focusing first and foremost on the delayed EU and NATO integration of the countries in the region.

**Keywords:** transition, the Balkans, integration, democracy, EU, NATO.

## Воведни белешки

Големиот подем на демократските режими на планетарно ниво датира од седумдесеттите години на минатиот век, кога започнува бранот на квантификација на изборните демократии. Така, само за период од четири децении бројката од 35 се зголемува на 110 земји, истовремено предизвикувајќи енормни промени во економиите, развојот и во падот на екстремно сиромашната класа[1]. Процесот на транзиција, особено во земјите на Латинска Америка и на Јужна Европа, во голем дел се вклопува во теориите за модернизација, бидејќи степенот на екстерно влијание е релативно низок, а во периодот меѓу двете светски војни и особено по 1945 година екстерната

* Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", е-адреса: i.rajchinovskapandeva@pf.ukim.edu.mk.

1 Francis Fukuyama, „Against Identity Politics-The New Tribalism and the Crisis of Democracy", *Foreign Affairs,* August, 18, 2018. http://www.foreignaffairs.com/articles/americas/2018-08-14/against-identity-politics-tribalism-francis-fukujama (проверено на: 2.2.2019).

интервенција е дел од транзициската парадигма или како што ја нарекува Бејме, интервенциска варијабла[2].

Компаративно, особено во однос на Европа, во рамките на транзициската парадигма, при процената на системските промени од 1989 година (како година на паѓање на комунистичките режими) до денес, за релевантни се сметаат само оние процеси во кои промената на системот придонела и за промена на режимот, односно за демократизација на општествата[3]. Во таа смисла, Бејме (а претходно Хантингтон[4]) зборува за четири брана на демократизација во Европа:

– Првиот бран се случува по 1918 година, односно по завршувањето на Првата светска војна и опфаќа држави кои преминуваат од уставни монархии во републики (Германија, Австрија, Финска и Шпанија), и тоа во две значајни групи – држави кои се развиваат, условно речено, праволиниски, односно воведуваат соодветен правен систем, парламентарна контрола на власта и општо право на глас и држави кои во голем дел настануваат како резултат на дезинтеграцијата на мултиетничките империи во регионот на Централна и на Источна Европа, па воведуваат демократија во рамките на уставните решенија, но сите (освен Чехословачка) во реалноста опстојуваат како авторитарни режими во периодот на двете светски војни.

– Вториот бран се случува по 1945 година, односно по завршувањето на Втората светска војна, и ги опфаќа сите погоре споменати држави освен балтичките, кои стануваат дел од СССР во 1940 година. И повторно, според Бејме, се појавува дистинкција на два блока, и тоа: држави кои се поразени во Втората светска војна – Германија и Јапонија, па демократизацијата на нивните режими се одвива под закрилата на сојузничките интервенции, и држави кои самиот ги нарекува „гостински посетители", а се мисли на Франција и на Италија, кои биле поштедени од сојузничкото влијание и имале можност сами да генерираат комплетно нови системи, и, секако, Австрија, која има статус на ослободена, но и на поразена земја, а одбира да го нагласи континуитетот на демократскиот систем од првата република.

– Третиот бран на демократизација се однесува на една спокојна, но радикална промена на режимите која започнува како тивка и еволутивна социјална промена, а резултира со мирен распад на стариот систем. Во таа смисла, секвенците на промената како што се либерализацијата, демократизацијата и консолидацијата се развиени врз основа на заднината креирана во седумдесеттите години на минатиот век.

2 Klaus von Beyme, *Transition to Democracy in Eastern Europe*, Palgrave Macmillan, 1996, 3.
3 Beyme, *Transition...*, 1.
4 Samuel P. Huntington, „Democracy's Third Wave", *Journal of Democracy*, Spring 1991, 12–34.



– Четвртиот бран на демократизација следува по бурната 1989 година и падот на СССР како голема светска сила, а со тоа и падот на социјализмот, што имаше глобален импакт. Овој бран имаше двојна задача – да ги трансформира општествата на политички и на економски план истовремено, и во таа насока тој беше уникатен, да донесе сосема нов вид промена обременета со симултани императиви непознати за дотогашната политичка историја и теорија. Дополнително, социјализмот имаше подолготрајно минато од кој било друг авторитарен режим во првите три брана на транзиција, па преминот беше особено тежок.

Препрочитувањето на минатото на државите од балканскиот регион упатува на заклучокот дека транзицијата на Балканот во последната декада на минатиот век, всушност, не е нов, ниту пак оригинален процес, туку поттекст на неговиот развој во многу подолг период. Всушност, политичката историја на Балканот покажува дека промените се случувале често, па дури и премногу брзо. Оттука произлегува и ставот дека Балканот имал транзициско искуство, репетитивно и во континуитет.

Транзицијата типично се дескрибира како како интервал, односно како премин од еден политички режим во друг[5], па вообичаено подразбира трансформација од авторитарен во демократски режим. Таа е онтолошки поврзана со одредена несигурност бидејќи прогресира од стабилен авторитарен режим во нестабилно „нешто друго", што може да значи реставрација на политичката демократија или обнова на нова или, можеби, уште пожестока форма на авторитарно владеење. Но според О'Донел и Шмитер, исходот може да биде едноставна конфузија, односно ротација на моќта на сукцесивни политички власти кои не успеваат да обезбедат какво било трајно и предвидливо решение за проблемот со институционализацијата на политичката моќ[6]. Претпоставката е дека во идеални услови, транзицијата треба да резултира со етаблирање на либерална демократија[7].

Но, транзицијата не е само општествена промена туку и цел еден дискурс кој се однесува на насоката, содржината и на иднината на таа промена. Во современи услови на мултиплицирано и комплексно комуницирање на различните идентитети (индувидуални и групни), сосема е сигурно дека ниту едно општество не може да биде имуно на промена (интерна и екстерна, волева или присилна, привремена или трајна). Во таа смисла, и тврдењето на Георгиевски дека „онтолошки, општеството не е ништо друго освен промена, процес на движење и трансформација, акција и

5 Guillermo O'Donnell and Philippe C. Schmitter, *Transitions from Authoritarian Rule-Tentative Conclusion about Uncertain Democracies*, John Hopkins University Press, Baltimore 1986, 6; Ranshofen-Wertheimer Egon, *Victory is not Enough: The Strategy for a Lasting Peace*, New York 1942. Види исто и: Woolf, *How to...*
6 O'Donnell and Schmitter, *Transitions...*, 3.
7 Види повеќе кај: Френсис Фукујама, *Крајот на историјата и последниот човек*, Култура, Скопје 1994.

интеракција, продукција и репродукција, постојано настанување, а не скаменето, статично постоење“[8].

**Мапирање на теоретскиот дискурс**

Теориите за транзиција имаат широк опфат во рамките на општествените науки таргетирајќи еден интердисциплинарен и мултидисциплинарен дискурс кој ги инкорпорира модерната транцизициска парадигма и старата школа за развој/развојни студии: теоријата на географски детерминизам, промовирана од повеќе автори и школи (Вебер, 2002; Сакс, 2006; Дајмонд, 1997; Харисон и Хантингтон, 2000; Каплан, 2009, Бенфилд, 1958; Гуизо, Сапиенца и Зингалес, 2006[9]), теоријата на економски развој, според која народите што имаат политички и економски институции затворени за учество многу веројатно е дека ќе бидат сиромашни, додека пак оние што имаат инклузивни институции е поверојатно дека ќе бидат богати (Ачемоглу и Робинсон, 2012; Пржеворски и др., 2000, Капстајн и Конверс, 2008, но и Липсет 1960[10]); теоријата на модернизација, во согласност со која транзицијата е премин кон прогрес (Епстајн и др., 2006; Парсонс, 1964; Ростов, 1960; Алмонд и Колман, 1960; Хантингтон, 1968; Ингелхарт, 1971; Ајзенштад, 2002; Бурума и Маргалит, 2004; Норт и др., 2009[11]); теоријата на еволуција/еволутивниот модел, во кој преминот ќе го трансформира општеството во модерна заедница на органска солидарност (која

[8] Петре Т. Георгиевски, *Социологијата како критика на општествената, образовната и културната промена*, Матица Македонска, Скопје 2012, 4.

[9] Huntington, „Democracy's...“, 12–34.

[10] Daron Acemoglu, and James A. Robinson, *Why Nations Fail: The Origins of Power, Prosperity and Poverty*, Crown, New York 2012; Adam Przeworski, Michael E. Alverez, Jose Antonio Cheibub, and Fernando Limongi, *Democracy and Development: Political Institutions and Well-Being in the World, 1950-1990*, 2000, Cambridge University Press, New York; Ethan B. Kapstein and Nathan Converse, *The Fate of Young Democracies*, Cambridge University Press, 2008; Sejmor M. Lipset, *Politički covek*, Rad, Beograd 1969.

[11] David L. Epstein, Robert Bates, Jack Goldstone, Ida Kristensen, and Sharyn O'Halloran, „Democratic Transitions“, *American Journal of Political Science*, Vol. 50, No. 3, July 2006, 551–569; Talcott Parsons, „Evolutionary Universals in Society“, *American Sociological Review* 29(3), 1964, 339–357; Walt Whitman Rostow, *The Stages of Economic Growth: A Non-communist Manifesto*, Cambridge University Press, Cambridge 1960; Gabriel A. Almond and James S. Coleman, eds. *The Politics of the Developing Areas*, Princeton University Press, Princeton 1960; Samuel P. Huntington, *Political Order in Changing Societies*, Yale University Press, New Haven 1968; Ronald Inglehart, „The Silent Revolution in Europe: Intergenerational Change in Post-Industrial Societies“, *American Political Science Review*, 65(4), 1971, 991–1017; Shmuel Noah Eisenstadt, „Multiple Modernitie“, in Shmuel Noah Eisenstadt (ed.), *Multiple Modernities*, Transaction Publishers, New Brunswick 2002, 1–29; Ian Buruma and Avishai Margalit, *Occidentalism: A Short History of Anti-Westernism*, Atlantic Books, London 2002; Douglass C. North, John Joseph Wallis, and Barry R. Weingast, *Violence and Social Orders: A Conceptual Framework for Interpreting Recorded Human History*, Cambridge University Press, Cambridge 2009.



имплицитно или експлицитно е развиена од Дурхајм, 1960; Ростов, 1960 и Липсет[12]) и теоријата на зависност како варијација на теоријата на модернизација (Прибиш, 1970; Кардосо, 1972; Франк, 1969; Волерштајн, 1984)[13].

Во современи услови транзицијата, генерално, се поврзува со преминот од еден политички режим во друг, па оттука транзициската парадигма има вообичаено политички контекст и е препознаена како процес кој води кон демократија, либерализам и глобализам, притоа жестоко спротивставувајќи им се на авторитаримот, трибализмот и локализмот. Транзицискиот наратив има далекосежна импликација врз сите делови на општествениот живот и, сосема очекувано, процесот подеднакво влијае и врз економијата, образованието, културата и врз сите други сегменти на општественото живеење. Демократската транзиција, всушност, делумно се поклопува со социоекономските трендови, и тоа најмногу со демографската транзиција и процесите на индустријализација и модернизација[14], како процеси со кои е комплементарна во својата природа.

Хантингтон[15], како и многу негови современици, е пропонент на идејата дека она што ја прави демократијата возможна е економскиот развој, а она што ја прави реалност е политичкото лидерство. Оттука, според него, за демократијата да стане реалност, политичките елити треба да веруваат дека демократијата е она владеење кое е најмалку лошо за нивните општества и за нив самите.

Во суштина, транзициската парадигма во однос на Југоисточна Европа има далеку поголема содржина и импакт од само „демократизација“ или вообичаеното разбирање како премин во демократски режим, особено имајќи ги предвид партикуларните примери на земјите од Балканот, кај кои транзицијата се поврзуваше со градењето на државата (нова независна држава) и во таа насока, градењето на демократијата беше, на моменти и на места, целосно поклопено од овој процес. Според Каротерс[16], едниот од предусловите на транзициската парадигма – дека демократизацијата се одвива во постојни и функционални држави, ја предизвика нејзината суштина, бидејќи Југоисточна Европа и Јужна Америка,

[12] Emile Durkheim, *The Division of Labor in Society* (G. Simpson, Trans.), The Free Press, New York 1893/1960; Rostow, *The Stages of...*; Lipset, *Politički...*

[13] Raúl Prebisch, „Change and Development: Latin America's Great Task“, *Praeger special studies in international economics and development*, Inter-American Development Bank, 1970; Fernando Henrique Cardoso and Enzo Faletto, *Dependency and Development in Latin America*, University of California Press, Berkeley, 1979; Andre Gunder Frank, *Latin America: Underdevelopment or Revolution. Essays on the Development of Underdevelopment and the Immediate Enemy*, Monthly Review Press, New York 1969; Immanuel Wallerstein, *The Politics of the World-Economy: The States, the Movements, and the Civilizations*, Cambridge University Press, Cambridge 1984.

[14] Fabrice Murtin and Romain Wacziarg, „The democratic transition“, *Journal of Economic Growth*, 2014, vol. 19, 141–181, 142.

15 Huntington, „Democracy's...“, 12–34.

[16] Thomas Carothers, „The End of the Transition Paradigm“, *Journal of Democracy*, Volume 13, Number 1, January 2002, 8–9.

кои претходно беа користени како модел за самото креирање на парадигмата, подразбираа појава и потреба за етаблирање на нови држави, односно имаше поклопување и со процесот на градење на државите, па дури и градење на нациите. Дополнително, во реалноста, транзициската парадигма во овој регион беше далеку посеофатна бидејќи инкорпорираше и деконтрукција и конструкција на системот, а не само премин од еден режим во друг. Во оваа смисла, транзициската парадигма, како класичен, традиционален модел во случајот на земјите од Југоисточна Европа, понуди само делумни одговори на многубројните предизвици поврзани со нејзината оригинерна теорија.

## Апологија за либералната демократија

Либералната демократија е промовираната како последна „најдобра“ идеја на политичката мисла[17], па сите достигнувања и сиот развој се квантифицираат по примерот на овој западноцентристички модел и следствено, крајната цел на транзицискиот пат е мапирана преку постигнувањето на таа вредност, дотолку повеќе што растот на демократијата го обликува светот во текот на последниот век како водечки тренд, така што сосема реално можеме да тврдиме дека живееме во т.н. „ера на демократијата“[18].

Во согласност со апологетите на либералната демократија, демократијата е формата или процедурата, додека пак содржината е политичкиот либерализам, односно сетот вредности во кои влегуваат: владеењето на правото, поделбата на власта, заштитата на основните слободи на говор, здружување, религија и сопственост.[19] Притоа, Закарија тврди дека овие два аспекта не се фундаметално поврзани и што е уште позначајно, не секогаш одат рака под рака, дури и во најразвиените земји на Западот[20]. Постоењето на добри демократски резултати кои, од друга страна, имаат сиромашна либерална содржина е она што Закарија го нарекува *илиберална демократија*[21]. Примерите на поранешните југословенски републики, на Турција, Унгарија, па дури и на дел од западните општества во поново време, укажуваат на фактот дека либерализмот е неизбежен кога зборуваме за напредок, модернизација, демократизација и за европеизација на земјата. Оттука, сликата не е композит на црни и бели опции, туку постојат варијации на она што се нарекува демократски режим. Бројни анализи, како онаа на Доган, зборуваат за една лимитирана, фасадна или ембрионска демократија[22] или консоцијална/консензуална демократија како решение за длабоко вкоренетите конфликти од етничка, културна, лингвистичка

[17] Фукујама, *Крајот на...*
[18] Fareed Zakaria, The Future of Freedom – *Illiberal Democracy home and abroad*, W. W. Norton and company, New York 2004, 13.
[19] Zakaria, *The Future...*, 17.
[20] *Истото.*
[21] *Истото.*
[22] Mattei Dogan, „Political sciences and other sciences“, in A New Handbook of Political Science, ed. by Robert E. Goodin and Hans_Dieter Klingemann, Oxford University Press, 1998, 97–113.



или од религиозна природа, односно како квазиперманентна форма на демократско владеење[23]. Во оваа смисла е и ставот на Доган[24] дека постои голема разновидност на демократски режими и дека зборот *демократија* без придавка е двосмислен.

Гласноговорниците на либералната демократија се резолутни во своите тврдења дека оптимизмот во врска со либералниот дел од оваа сложувалка е сосема оправдан. Имено, според нив, решението за проблемите во светот денес, е повеќе либерална демократија и повеќе либерален поредок[25]. Во согласност со ова тврдење, либерализмот низ историјата на еволуции, кризи и громогласни промени успеа да се издигне на степен на норма токму благодарение на неговата способност успешно да се адаптира на турбулетни промени[26].

Долготрајниот демократски дефицит, според Лоренс[27], има разбирливи историски корени, но, несомнено, го наплати својот данок, па денес има европски политичари кои отворено ја пропагираат илибералната демократија како опција која ги поштедува сите од постојаното и перманентно несогласување и расправа (Виктор Орбан). Несигурноста што ја следи либералната идеологија е есенцијална за нејзиното опстојување и жилавост наспроти компетитивните концепти од историјата на политичката мисла. Фишер Ејмс (1758 – 1808) одамна ја предочил суштинската разлика помеѓу автократската и републиканската власт: „Автократијата (монархијата) е трговски брод кој вообичаено плови добро, но понекогаш удира и во карпа и потонува, а републиката е сплав кој никогаш не може да потоне, но затоа пак нозете ти се секогаш во вода.[28]“

Еден од најважните аргументи кои одат во прилог на апологетскиот став кон либералната демократија е фактот дека светот е сѐ позависен од заемната соработка на полето на економијата, животната средина и на безбедноста и дека постои свесност за тоа дека изолационизмот и сепаратните проекти се осудени на неуспех.

Според Дудни и Инкенбери[29], либерализмот останува да биде трајно и универзално примамлив бидејќи почива на посветеноста кон достоинството и слободата на индивидуите, ја презервира идејата за толеранција која станува сѐ попотребна во современиот меѓузависен свет, промовира универзални вредности кои се широко прифатени и ја промовира правдата како концепт кој историски ги надмина сите други конкурентски идеи.

[23] Arend Lijphart, „Consociational democracy“, *World Politics*, Vol. 21, No. 2, Jan. 1969, 207–225; O'Donnell and Schmitter, *Transitions....*, 41
[24] Dogan, *Political sciences....*, 119.
[25] Daniel Deudney and G. John Ikenberry, „Liberal World - The Resilient Order“, *Foreign Affairs*, 14.06.2018. http://www.foreignaffairs.com/articles/world/2018-06-14/liberal-world (проверено на: 12.1.2019).
[26] Deudney and Ikenberry, „Liberal World...“.
[27] Jonathan Laurence, „Liberal Democracy and its Shadow“, 11 March 2019, *Reset DOC*. https://www.resetdoc.org/story/liberal-democracy-shadow/#sdendnote6sym (проверено на: 1.3.2019).
[28] Ralph Waldo Emerson, *Essays*, Second Series, chp. 7 Politics, Library of America, 1983, 97.
[29] Deudney and Ikenberry, „Liberal World...“.

## (На)враќање кон конзервативизмот и кон популизмот

Транзициската парадигма долго време претполагаше дека кога една држава ќе успее на патот на демократската транзиција со креирање стабилни институции и постигнување на определено ниво на богатство, таа се соочува со низок степен на ризик од авторитарно навраќање[30]. Оваа претпоставка се базира на повеќедецениската идеја трасирана од претходните бранови дека демократизацијата е природен и неповратлив процес (всушност, процес на пет етапи на трансформација: диктатура, диктабланда, демокрадура, демократска транзиција и консолидирана демократија[31]), па преминот кон XXI век беше одбележан од триумфот на демократските режими. Развојот во последните речиси три децении доведе до ситуација во која не само што демократските режими одолеаја на консолидацијата туку назадувањето се манифестира и преку процедури кои беа дел од секуларната демократска литургија – слободните избори[32]. Напливот на популизам (или популистичката зараза, како што ја нарекуваат Арчибуги и Челини[33]), национализам и на идеи на крајната десница го предизвикуваат тврдењето дека консолидираните демократии се имуни на недемократското навраќање.

Во контекст на расправата за постсоцијализмот, Плетенац[34] ја отвора дилемата околу тоа дали транзицијата е елемент на мимикрискиот дискурс што голем број земји го минуваат во обид да му се приближат на високоразвиениот свет. Ова особено е валидно за режими кои имаат долготрајно искуство со авторитаризмот, тоталитаризмот и со диктатурата и режими кои го немаат доживеано западното искуство со просветителството, секуларизмот и либерализмот, па во име на модернизацијата на општествата се обидуваат да имитираат систем кој е непознат и неприфатлив за поголемиот дел од популацијата.

Авторитарните режими на денешницата се искучително примамливи за земјите каде што политичките елити се потпираат на идентитетски политики и на (на)враќањето кон популизмот, национализмот и трибализмот. Авторитаризмот зема замав во големи и значајни делови на светот, па дури и во Европската Унија, која, се чини, е заглавена во авторитарен еквилибриум[35]. Авторитарното навраќање е сè поприсутно во јадрото на демократското педигре – Европа и САД, а илибералните практики се вдомени во политичките системи на сè поголем број држави. Повеќегодишната дебата за демократскиот дефицит на Европската Унија претполагаше дека самата Унија страда од недостаток на демократија и дека нејзината растечка моќ, всушност, ги подрива националните демократии. По корекцијата на политичкиот курс во некои земји членки беше детерминирано дека навраќањето кон недемократските режими може да се случи и на национално ниво, а Унијата може да има одговор и влијание[36].

Но, Европската Унија веќе подолго време егзистира под притисок на криза од различен вид и интензитет, па со оглед на развојот во последните неколку години, може и да се тврди дека таа е во состојба на перпетуална криза. Особена енергија на навраќањето кон популизмот дадоа политиките на Доналд Трамп во Соединетите Американски Држави, кој успеа „светилникот на демократијата да го претвори во моќ која опаѓа опседната од политичка стагнација, економска неефикасност и социјален неред.[37]" Мид дури и подвлекува дека за првпат по седум децении, американскиот народ избрал претседател кој им се потсмева на политиките, идеите и на институциите во срцето на повоената американска надворешна политика[38]. Предупредувањата за ова навраќање кон популизмот во САД беа видливи и гласни, на пример, извештајот на „Фридом хаус" во кој се предупредуваат американските гласачи дека најзначајните институции и воспоставените норми на етичко однесување се под закана или изданието на влијателното Списание за демократија посветено на САД за првпат во неговата историја. Оттука, опасноста по либералната демократија како најиздржлив политички режим во трансатлантскиот реалм стана јасно артикулирана.

Аналитичарите од двете страни на Атлантикот се согласни околу тоа дека иницијалната каписла која го предизика недемократскиот бран беше дополнително подгреана од незадоволството на граѓаните за растечките трендови на тероризам и имиграција. А коренот на процесот на пополнување на празнината во оската на идеолошки претставници која настана со поместувањето на централнолевите партии кон центарот е дефинитивно поврзан со екот на финансиската криза во 2007 – 2008 година[39].

30 Daniele Archibugi and Marco Cellini, „What Causes the Populist Epidemic?", 27 March 2017, *Reset DOC*. https://www.resetdoc.org/story/what-causes-the-populist-epidemic/ (проверено на: 2.2.2019).
31 Archibugi and Cellini, „What Causes...". Види повеќе кај: Laurence Whitehead, „Comparative politics: Democratization Studies", in *A New Handbook of Political Science*, eds. Robert E. Goodin and Hans Dieter Klingemann, Oxford University Press, 1998, 353–372.
32 Archibugi and Cellini, „What Causes...".
33 Archibugi and Cellini, „What Causes...".
34 Tomislav Pletenac, „Od Morlaka do postsocijalizma. Tranzicija kao element mimikrijskog diskursa", *Antropologija postsocijalizma*, Vladimir Ribić (ur.). Srpski genealoški centar, Beograd 2007, 200–215.
35 Daniel R. Kelemen, „Europe's Other Democratic Deficit: National Authoritarianism in Europe's Democratic Union", *Government and Opposition Journal, Volume 52, Special Issue 2 (Democracy without Solidarity: Political Dysfunction in Hard Times)*, April 2017, 211–238.
36 Kelemen, *Europe's Other...*, 214.
37 Ivan Krastev, „Eastern Europe's Illiberal Revolution-The Long Road to Democratic Decline", *Foreign Affairs*, April 16, 2018. http://www.foreignaffairs.com/articles/hngary/2018-04-16/eastern-europes-illiberal-revolution (проверено на: 14.1.2019).
38 Walter Russell Mead, „The Jacksonian Revolt-American Populism and the Liberal Order", *Foreign Affairs*. http://www.foreignaffairs.com/articles/united-states/2017-01-20/jacsonian-revolt (проверено на: 20.01.2019).
39 Fareed Zakaria, „Populism on the March-Why the West is in Trouble", *Foreign Affairs*, October, 16, 2016. http://www. foreignaffairs.com/articles/united-states/2016-10-17/populism-march (проверено на: 17.1.2019).

Според Лоренс[40], овој политички стрес-тест покажа дека општествата поседуваат извесен степен на отпор, но и ранливост, а тоа се преслика и во нивните надворешнополитички одлуки и во меѓународната неодговорност, како што е примерот со бавните и неодлучни чекори за справување со државните удари во Турција и во Египет.

Крастев[41] тврди дека најзагрижувачка промена е онаа во постојните етаблирани демократски режими на високоразвиените земји во кои либерализмот и демократијата се востановени и трајни вредности, но и онаа во срцето на Европа, каде што земји како Полска и Унгарија, кои важеа за пример на посткомунистичката демократизација, паднаа под ударот на конзервативните популисти.

Популистичкиот тренд во реалноста упатува на тоа дека илибералната демократија е нова форма на авторитаризам која е исклучително опака имајќи предвид дека е родена под закрилата на демократијата[42]. Ранциман смета дека коренот на постојната криза лежи во намалувањето на демографската, културната и на економската линија на разделување помеѓу гласачите и избраните претставници[43], додека пак Грациози смета дека трендот се должи на демографската криза како детерминирачка особеност на кризата во европските демократии[44]. Новите популисти се далеку поразлични од оние што егзистираа во средината на минатиот век, па и од оние пред нив. Новите се индиферентни кон либералните востановени практики[45], уставните ограничувања, па дури и кон меѓународното право и кон правото на Европската Унија, чии членки се или претендираат да станат.

Имајќи ја предвид растечката тенденција на секлузија и изолационизам во рамките на националните држави, се поставува прашањето дали Европската Унија ќе успее да ги зачува единството и идејата за обединета Европа или ќе се претвори во поделен континент, континент кој ќе биде голема жртва на (на)враќањето кон конзервативизмот?

**Локализација или расправа за географскиот детерминизам на транзицијата на Западен Балкан**

И покрај огромниот напредок на регионот во целост во споредба со раните 90-ти години на минатиот век, Западен Балкан останува да биде мегдан на бројни

[40] Interview with David Runciman, „Who Should we Blame if Democracy Ends?", Alessandro Lanni and Jonathan Laurence, *Reset DOC*, 11 March 2019. https://www.resetdoc.org/story/blame-democracy-ends-interview-david-runciman/ (проверено на: 27.1.2019).
[41] Krastev, „Eastern Europe's...".
[42] Krastev, „Eastern Europe's...".
43 Andrea Graziosi , „The Demographic Decline and the Crisis of the Western Model", *Reset DOC*, 11 March 2019. https://www.resetdoc.org/story/crisis-western-model-demographic-decline/ (проверено на: 8.1.2019).
[44] Interview with David Runciman.
[45] Krastev, „Eastern Europe's...".



и непомирливи конфликти и спорови. Најголемиот дел од нив се однесуваат на конкурентски барања во однос на територијата, идентитетот, статусот на малцинства, па оттука и значаен број ентитети во регионот остануваат поделени од тие фундаментални прашања кои се однесуваат на нивниот политички и територијален интегритет[46]. Така, покрај сѐ поизвесното помирување помеѓу Македонија и Грција во однос на проблемот со името, речиси непремостливи остануваат дијалогот Белград – Приштина и кипарскиот конфликт. Меѓународната политика и во современи услови го отсликува традиционалниот реализам како доктрина, како за односите така и за балансот/дисбалансот на моќта помеѓу државите.

Мултинационалните држави, во кои спаѓа и поранешна СФРЈ, не беа национални држави во вистинска смисла на зборот, на ист начин како што и мултиетничките држави не можат да бидат сметани за национални. Ова разграничување е значајно особено во делот на нивното однесување при донесувањето надорешнополитички одлуки. Па така, државите што се ненационални и особено мултинационални се предмет на центрифугални политички сили на етничките заедници кои бараат национална сецесија или самоопределување од различен степен. Овие сили го прават одржувањето на либералнодемократскиот режим особено проблематичен бидејќи демократските изборни процеси продуцираат етнонационалистички лидери кои ги упатуваат споменатите барања, а земјите од поранешна СФРЈ се одличен пример за оваа матрица. Лидерите на овие земји во услови на меѓународна политичка криза реагираат далеку поповолно во однос на надворешните влијанија, особено во делот на економскиот поттик, и покажуваат поголема грижа за економските утилитарни интереси на одреден дел од популацијата. Сирс подвлекува дека трагедијата во меѓународните односи е составен дел на класичната реалистичка традиција, односно е поттекст на класичниот реализам[47]. Крунски доказ за патологијата во однос на процесот на донесување одлуки во меѓународните односи е компаративната тенденција кон стереотипизација и внесување интензивни емоции, па пропустот во донесувањето или недонесувањето лоши одлуки во делот на надворешната политика базирани на стереотипи и национализам се, всушност, причина за една историска и, многу веројатно, идна трагедија[48].

Земјите од Западен Балкан нужно мораат да се соочат со предизвикот на своите мултиидентитетски и крајно диверзифицирани општества. Тие набргу ќе ја

[46] Jasmin Mujanovic and Alida Vracic, *Political Trends and Dynamics- Bilateral Disputes in Southeast Europe*, FES Briefing, August-September 2018, 3.
[47] DeDominicis, Benedict Edward Edward. 2019. „Indo-Pacific Grand Strategy: Power Politics and Sustainable Development". *The International Journal of Climate Change: Impacts and Responses*, 11 (2), 1–20, 6. Види повеќе кај: Nathan Alexander Sears, „The Neoclassical Realist Research Program: Between Progressive Promise and Degenerative Dangers",*International Politics Reviews*, 5(10) (05), 2017, 21–31.
[48] *Истото*, 6.

увидат потребата од прифаќање на мултикултурализмот како факт истовремено со унапредувањето на своите јавни политики во полза на интеркултурализмот како предзвик и идна задача.

Мултикултурализмот се покажа како проблематична политика од аспект на фактот дека промовира постоење на повеќе од една различна култура, притоа изоставувајќи го фактот дека во некои (ако не во повеќето) општества има една доминантна култура, на локално/регионално и/или на централно ниво. Таков е примерот со Канада, па дури и со Германија, Велика Британија и со Франција. Во случајот со земјите од Западен Балкан и поконкретно со Македонија, кој било модел на менаџирање на различностите мора да го има предвид овој факт.

Еден од најгорливите проблеми, секако, се однесува на подобрувањето на социјалниот и на економскиот статус на сите граѓани. Овој аспект ја детерминира основата за идниот развој во однос на демографската транзиција и сè поголемиот проблем со „одливот на мозоци", статусот на мнозинската култура vis-à-vis сè поголемите барања за признавање и унапредување на малцинските култури и конечно, тој е во директна релација со предизвикот на европска интерграција на регионот. Виталноста на културата е есенцијална за сите заедници/групи и директно се поврзува со нивниот социјален и економски статус, особено во делот на малцинските групи. Оттука, економскиот напредок е condition sine qua non за одржливост на општествата и на нивната иднина.

Патот кон полноправно членство во Европската Унија за земјите од Западен Балкан нема да биде ни најмалку лесен. Сериозна потешкотија ќе биде задоволувањето на принципот за следење на имплементацијата на законските акти и реструктурирањето на државните институции и на јавната администрација во насока на обезбедување институционален скелет за интеграција. Во најголемиот дел од земјите на регионот институциите постојат, но немаат никаков или имаат безначаен импакт во делокругот на она за што се формирани, а правните прописи најчесто се совршени копии на оние во западните високоразвиени земји, но имаат слаба или никаква имплементација.

Од друга страна, пак, спротивставувањето на националистичките идеологии, преку промоција на космополитизмот, не само што се чини неиздржано во современи услови туку и неостварливо. На пример, Антони Апија тврди дека човештвото како целина е премногу апстрактно за да генерира силно чувство на идентитет, а модерните национални држави се премногу големи како заедници, па општеството лице в лице и буквалното познавање на секој негов припадник се нереални. Она што ги држи овие општества заедно е замислената идентификација[49] и во таа смисла националните држави остануваат замислени заедници по матрицата на Андерсон[50] и сè уште најзначајни актери во меѓународната политика.

[49] Kwame Anthony Appiah, „The Importance of Elsewhere - In Defense of Cosmopolitanism", *Foreign Affairs*, March/April 2019, Vol. 98, 20–26.

[50] Benedict Anderson, *Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism*, Verso, London 2006.



Дебатата против идентитетската политика предводена од Фукујама[51] нагласува дека иако дистописката фикција на промоторите на трибализмот е реална закана, добро е што таа фикција речиси никогаш и не се остварува. Идентитетите нема никогаш да ја изгубат својата важност, а нивната улога не се однесува само на детерминирањето на она што нè дели туку и на она што нè обединува и во таа смисла оптимизмот за нивната улога се чини оправдан. Идентитетите не се фиксни, дадени засекогаш и непроменливи, туку напротив, тие се флуидни, општествени конструкти кои подлежат на многубројни влијанија и често нивната содржина е моделирана во согласност со потребата, околината или со условите. Токму затоа Фукујама полага голема надеж во нивното искористување како средство против растечката популистичка политика[52].

## Заклучок

Последниот проглас на францускиот претседател Макрон е веќе смело означен како негов план за нова Европа[53], па дури и изедначен со силата на говорите на Черчил од почетокот на Втората светска војна, и како проглас со идеја да покаже дека „L'Europe, c'est moi", потенцирајќи дека ЕУ без Франција е невозможна и нереална[54].

Во обраќањето кон сите европски граѓани Макрон промовира ренесанса на Европа која би се темелела на три амбиции: слобода, заштита и напредок. Во делот на првата амбиција, тој застанува против популистите кои сакаат суверенитетот да го остварат внатре во своите национални држави и наспроти тоа повикува на заедничка европска акција и заклучува дека не смее да се дозволи националистите да го искористат бесот на луѓето. Во однос на заштитата, тој зборува за потребата од заштитени граници на територијата на секоја заедница (реформа на Шенген-зоната, поцврст надзор на границите, заедничка гранична полиција, воведување на Европска канцеларија за азил), но што е уште позначајно, тој зборува за основање на Европска агенција за заштита на демократијата, која би овозможила секоја земја членка да има пристап до стручни лица кои би ги штителе изборните процеси од сајбер-напади и манипулации, односно од дезинформации и хакери, како и за забрана за финансирање на политички партии во ЕУ од држави кои не се членки.

Конечно, во делот на напредокот, Макрон зборува за унапредување на одбраната (зголемен придонес во буџетот за одбрана, функционален и оперативен договор за заедничка одбрана и основање Европски совет за безбедност), унапредување

[51] Francis Fukuyama, *Identity: The Demand for Dignity and the Politics of Resentment*, Farrar, Straus & Giroux, 2018.

[52] Fukuyama, *Identity...*

[53] Ivan Fischer i Zeljko Trkanjec, „Makronov plan za Novu Evropu", *Jutarnji list*, 6.03.2019, print, 6–7.

[54] Став на Миро Ковач: Fischer i Trkanjec, „Makronov plan...", 6–7.

на социјалната заштита на работниците (воведување иста плата за исто работно место, минимална плата на ниво на ЕУ), на заштитата на околината (климатски промени, креирање Европска климатска банка и агенција за надзор на храна произведена и увезена во ЕУ). Сепак, во насока на иднината на ЕУ и проширувањето на Унијата, најзначајни се повикот за организирање Конференција за Европа на крајот од 2019 година, на која би се разговарало за реформите во ЕУ со идеја за „Европа на различни брзини", но и за измена на темелните документи на Унијата. Тоа имплицира дека Франција ќе го предводи и понатаму блокот земји кои се залагаат за реформа на ЕУ, па отворањето на прашањето за проширување и патот на земјите кандидатки за членство нема да бидат ни малку лесни.

Од аспект на Балканот, суштествено прашање на долготрајната транзицијата е приклучувањето на земјите од регионот кон ЕУ и кон НАТО. Поддршката за овој чекор од страна на граѓанството во најголемиот дел од балканските земји е стабилна и реална бидејќи интеграцијата во НАТО и во ЕУ се доживува како финална етапа од транзицискиот процес. Многу често интеграцијата е во релација со очекувањата за подобрување на економијата, а во некои случаи се оди дури и подалеку и се врзува со разрешувањето на некој конфликт или криза. Очекувањата дека интеграцијата ќе придонесе за економски прогрес на општествата е сосема легитимна. Зачленувањето во НАТО и во ЕУ треба да донесе стабилен сојуз на соседски ентитети во економска унија, но и економски просперитет за регионот во целост, како и промоција на регионализацијата, евроинтеграцијата и на глобализацијата. Во таков контекст, националните идентитети, преку помирување на екстремните разлики и барања, треба да му дадат предност на подобрувањето на економската состојба на граѓаните. А тоа е, всушност, транзиција од конфликт до соработка преку трговија[55]. Новото „нормално" во реалност се однесува најмногу на економскиот напредок, а новото „несигурно" е консолидираната демократија на општествата на Балканот. Но, без цврста гаранција за идната интеграција на земјите од регионот, ветувањето нема да може да продолжи да го поддржува процесот на транзиција.

Прогласот на Макрон е јасно артикулираниот став на сериозно влијателните членки на ЕУ кој упатува на потребата од завршување на реформите (реформа на ЕУ и рефома на земјите кандидатки за членство) пред да се отпочнат преговорите за интеграција. Тој став е одраз на постојната состојба во Унијата, особено по напливот на популистички и националистички идеи на почвата на Стариот Континент, но и на светско ниво. Предизвикот со кој е соочена меѓународната политика, според Мид, е помалку во делот на завршувањето на изградбата на либералниот светски поредок на конвенционален начин отколку во пронаоѓањето начин како да се запре ерозијата на либералниот поредок и да се втемели глобалниот систем на поодржлива основа.[56] Балканот, неминовно, ќе биде дел од овој процес на сметка на долгоочекуваното окончување на транзицијата и премин кон стабилен и демократски консолидиран регион.

[55] Raymond Tanter and John Psarouthakis, *Balancing in the Balkans*, St. Martin's Press, New York 1999, xix.

[56] Mead, „The Jacksonian Revolt...".